


# EURO ART - INFO

## СЛАЈД И ВИДЕО ПРОЕКЦИИ ОД ЕВРОПСКИ ИЗЛОЖБИ

среда, 10. септември 1997, 20 ч.

# EURO ART - INFO
# 19

## PARALLELEN - KUNST AUS MAZEDONIEN

## ПАРАЛЕЛИ - УМЕТНОСТ ОД МАКЕДОНИЈА

**Томе Аџиевски**
**Јован Балов**
**Славчо Соколовски**
**Јован Шумковски**

**IFA - Galerie Berlin**
**28.08. - 05.10.1997.**

видео проекција

Небојша Вилиќ

БЕРЛИН

# Изложба на четворица автори од Македонија

Во новиот галериски простор на Институтот за односи со странство (ИФА) во Берлин утревечер во 19 часот ќе биде отворена изложба на четворица ликовни уметници од Македонија - Томе Аџиевски, Јовче Балов, Славчо Соколовски и Јован Шумковски. Тие ќе изложат по едно дело во заедничкиот проект наречен "Паралели - Уметност од Македонија".

Изложбата, со која се отвора галеријата, ја реализираа Институтот за односи со странство (ИФА) со седиште во Штутгарт, и Сорос-центарот за современи уметности - Скопје, под раководство на Барбара Барш и Небојша Вилиќ.

Во појаснувањето што го даде Вилиќ се вели дека "изложбата настојува да претстави четири паралели како метафорни линии за најинтересните и релевантни струења во Македонија меѓу припадниците на помладата средна генерација. Таа го покажува интересирањето за уметничкиот израз, било тој да ги застапува најактуелните концепти што се споделуваат со постмодернистичките теми, какви што се запрашаноста за местото на уметникот во општеството..."

Изложбата ќе биде отворена до 9 октомври.

*ДЕНЕС ВО БЕРЛИН*

# Изложба „Паралели – уметност од Македонија

**● Во рамките на изложбата што ја организираат Сорос центарот за современи уметности од Скопје и Институтот за односи со странство од Берлин, ќе бидат застапени четворица македонски уметници: Томе Аџиевски, Јован Шумковски, Славчо Соколовски и Јован Балов**

Во организација на Сорос центарот за современи уметности од Скопје и Галеријата на Институтот за односи со странство (ИФА) од Берлин денес во Берлин ќе биде отворена изложбата на четворица уметници:

**Томе Аџиевски, Јован Шумковски, Славчо Соколовски и Јован Балов** под наслов „Паралели – Уметност од Македонија“ која ќе се одржува до 9 октомври.

Аџиевски ќе се претстави со делото „Големиот чекор назад“ од 1996/97 година, Шумковски со „Над површината“ од 1997, Соколовски со „Арсенал“ од 1997 и Балов (кој живее и работи во СР Германија) со делото „Инсталација“ од продукцијата 1996/97. Куратор на изложбата е Небојша Вилиќ.

Институтот за односи со странство со седиште во Штутгарт е институција што се занимава со размена на проекти од културата меѓу различни земји и ги претставува германските уметници во странство или обратно. Одделот за изложби од канцеларијата во Берлин е раководен од д-р **Барбара Барш** којашто за потребите на овој проект „Паралели“ започна да работи со македонските уметници уште од февруари минатата година. Четворицата застапени автори се селектирани меѓу поголема група од 40 македонски релевантни уметници кои имаат свое значење за севкупната македонска ликовна сцена.

„Општо кажано, „Паралели“ е единствената структура која е можна да се прифати за да се опише македонската ликовна сцена денес“ пишува меѓу другото во своето образложение кураторот Вилиќ.

С. Ѓ.

УТРЕВЕЧЕР ВО ГАЛЕРИЈАТА ИФА ВО БЕРЛИН, ГЕРМАНИЈА

# „ПАРАЛЕЛИ - УМЕТНОСТ ОД МАКЕДОНИЈА“

*– НА ИЗЛОЖБАТА СЕ ПРЕТСТАВУВААТ ДЕЛАТА НА СЛАВЧО СОКОЛОВСКИ, ЈОВАН ШУМКОВСКИ, ТОМЕ АЏИЕВСКИ И ЈОВАН БАЛОВ*



Во галеријата ИФА, во Берлин, Германија, утревечер, под наслов „Паралели – Уметност од Македонија“, изложуваат **Томе Аџиевски**, со делото „Големиот чекор назад“, **Јован Шумковски**, со „Над површината“, **Славчо Соколовски**, со „Арсенал“, и **Јован Балов**, со делото „Инсталација со Ахт Билдер“. Изложбава, што ќе трае до 9 октомври, организирана е од Сорос Центарот за современи уметности од Скопје и Институтот за односи со странство, чие седиште се наоѓа во Штутгарт. Куратор на изложбава е д-р Небојша Вилиќ, директор на Сорос Центарот.

На проектот „Паралели“, започнато е да се работи уште во февруари 1996 година, а тој се обидува да го покаже интересот за уметничкиот израз што ги застапува најактуелните концепти кои се споделуваат со одредени постмодернистички теми.

Со оваа изложба воедно се промовира и новиот галериски простор на ИФА.

В.Ш.


**ifa-Galerie Stuttgart**
Charlottenplatz 17
70173 Stuttgart
Telefon
(0711) 2 22 51 73

**Malick Sidibé**
**Clubs und Twist und Chats Sauvages**
**Fotografie 1962–1976**
27. Juni bis 24. August 1997

**Andrej Bartenev**
**Das botanische Ballett**
19. September bis 31. Oktober 1997

**ifa-Galerie Berlin**
Dorotheenstr. 72
10117 Berlin
Telefon
(030) 2 08 07 64

**Parallelen Kunst aus Mazedonien**
Adzievski, Balov, Sokolovski, Sumkovski
29. August bis 5. Oktober 1997

**ifa-Galerie Bonn**
Kaiserplatz 17
53113 Bonn
Telefon
(0228) 22 44 50

**Renata Barros**
**Brasilien**
10. September bis 18. Oktobert 1997

ifa
Institut für Auslandsbeziehungen

DER TAGESSPIEGEL, FREITAG, 29. AUG. 97, SEITE 26.



GRABWÄCHTER DER NATUR: eine Installation von Tome Andzievski. Foto: Galerie

# Die Knarre im Schatzkästlein

## Ifa-Galerie eröffnet ihre neuen Räume in der Dorotheenstraße mit vier mazedonischen Künstlern

VON NICOLA KUHN

Um die Ecke Neustädtische Kirchstraße / Dorotheenstraße biegen zwar noch immer quietschend die Lastwagen auf ihrem Weg zu den Baustellen der Innenstadt, doch das größte Gebäude an dieser so stark frequentierten Kreuzung ist längst fertiggestellt. Die alten Mieter – der DDR-Sportverlag und die Stasi in optimaler Lage schräg gegenüber der amerikanischen Botschaft – sind schon lange aus dem Haus. Nach Auffrischung der Jugendstilfassade und Ausbau der Büros beherbergt es nun das Bundespresseamt und seit gestern offiziell die Galerie des Instituts für Auslandsbeziehungen. Mit vier Künstlern aus Mazedonien eröffnete sie ihre Räumlichkeiten im Erdgeschoß.

Der Standort ist gut gewählt – einen Katzensprung entfernt vom Bundestag und Tür an Tür mit dem Bundespresseamt –, denn die ifa-Galerie hat sich seit ihrer Gründung vor sechs Jahren in Berlin der Information über Kunstaktivitäten in Ost- und Mitteleuropa verschrieben. Die rund 250 Quadratmeter großen Ausstellungsräume dürften weit mehr als an ihrem bisherigen Standort Friedrichstraße / Ecke Weidendammer Brükke besucht werden, auch wenn so mancher dem eigenwilligen Charme des heruntergekommenen Pavillons der dritten Weltfestspiele der Jugend nachtrauert. Der ifa-Galerie ergeht es da wie dem Neuen Berliner Kunstverein, der seine sympathische Altbauwohnung am oberen Ende des Kurfürstendamms verließ, um ins Zentrum des Geschehens zu rücken: Die neuen Räume sind fast bis zum Aseptischen glattrenoviert; nur der Blick von außen erinnert an die Vergangenheit des Gebäudes. Die Kuratoren haben nun zwar nicht mehr mit unnützen Einbauten zu kämpfen, die Kunst aber mit einem sterilen, konturlosen Raum.

Die vier Künstler aus Mazedonien schlagen sich wacker in dieser Umgebung. Ihr Kurator Nebosja Vilic, Direktor des Soros Center of Contemporary Art in Skopje, hat jeweils eine Arbeit ausgewählt, um ihr Werk zu respräsentieren. Sie selbst stehen für eine neue Künstlergeneration der neunziger Jahre, die seit Gründung Mazedoniens 1991 einen eigenen Standort im internationalen Vergleich sucht. Orientiert also an der Kunst jenseits der Landesgrenzen, bedienen sich diese Künstler der weltweit üblichen Mittel und gängigen Sprache: abstrakte Malerei, Fotografie, Installation. Wer nach dem spezifisch Mazedonischen sucht, wird enttäuscht sein. Oder weit eher beruhigt darüber, daß sich die Künstler nicht vor den nationalistischen Karren spannen lassen.

Vielleicht blitzt da und dort noch ein Konservativismus durch, der jedoch diskutierenswert ist. So plädiert der Bildhauer Tome Andzievski für die Rückbesinnung auf die klassische Machart. Er schuf von Hand die Skulptur einer ägyptischen Katze, die wiederum einer Phalanx Naturfotografien gegenübergestellt ist. „Der große Schritt zurück" nennt er sein Werk und weiß doch, daß er sich kaum gegen die zunehmende Technisierung der Kunst oder die Zerstörung der Natur stemmen kann. Jovan Balov exerziert wiederum die Farbfeldmalerei, die er um mehrere Varianten einer oktogonalen Komposition bereichert. Nur detektivische Betrachter der minimalen Verschiebungen und nuancenreichen Farbunterschiede werden hier auf ihre Kosten kommen. Die Grauen des Bürgerkrieges holt Slavko Sokolovski in die Kunst, der unter dem Titel „Arsenal" den Abdruck verschiedener Kleinkaliber in Ton festhielt. Wie eine Kostbarkeit reihte er diese Negativformen hintereinander in Holzkisten. Die Gewalt ist hier zwar zu einem Ornament geronnen, den Schrecken verliert sie darüber nicht. Rätselhaft bleibt die Installation Jovan Sumkovskis, der Sägeblätter und Gläser in Granulatscheiben einschmolz und in Wasser versenkte. Doch das Geheimnisvolle ist Konzept: Sumkovski versteht sich als Neo-Mystiker. Und unversehens bringt er damit etwas zurück in die geglätteten Räume, was die Handwerker gerade noch auszutreiben versuchten. Ein Anfang am neuen Standort ist gemacht.

*ifa-Galerie, Neustädtische Kirchstraße 15, bis 5. Oktober; Dienstag bis Sonntag 14-19 Uhr. Katalog 18 DM.*

# *Пиштол во сандачето со благо*

## *Галеријата ИФА ги отвора своите простории на Доротеенштрасе со четворица македонски уметници*

*Од Никола Кун*

*На раскрсницата на Nојштетише Кирхштрасе и Доротеенштрасе сè уште чкрипејќи поминуваат камиони упатени кон градилиштата во центарот на градот. Тука, пак, на оваа многу фреквентна раскрсница, изградбата на најголемата зграда е одамна завршена. Старите станари - издавачката куќа за спортска литература и државната безбедност (**Stasi**), која имала оптимална положба спрема Американската Амбасада, - се одамна заминати. По обновувањето на фасадата направена во Југендстил и изградбата на канцелариите, зградата ги угостува Сојузната служба за печат (**Bundespresseamt**), а од вчера официјално и Галеријата на Институтот за односи со странство. Своите простории во приземјето таа ги отвори со четири уметници од Македонија.*

*Местото е добро избрано - од тука брзо може да се скокне до Бундестагот, и врата до врата до Сојузната служба за печат. Впрочем, Галеријата на ИФА, со нејзиното основање пред шест години во Берлин, си стави за цел да информира за уметничките активности во Источна и Средна Европа. Околу 250 квадратни метри големиот изложбен простор сега може да прими далеку повеќе посетители отколку што можеше старото седиште на раскрсницата меѓу Фридрихштрасе и Вајдендамер Брике, макар што некој може пак да жали по специфичниот шарм на пропаднатиот Павиљон на третиот Светски фестивал на младината. На Галеријата на ИФА ѝ се случува она што му се случи на Новото здружение на уметници на Берлин, коешто ги напушти своите симпатични простории во староградбата на горниот крај на Курфирстендам, за да се приближи во центарот на случувањата: новите простории се скоро до асептичност и измазнетост реновирани; зградата потсетува на минатото само ако се гледа од далеку. Навистина, кураторите повеќе не мора да се борат со бескорисните преградби во зградата, но затоа, пак, уметноста треба да се бори со еден стерилен простор без контури.*

*Четирите уметници од Македонија смело стапуваат во таквото опкружение. Нивниот куратор, Небојша Вилиќ, директор на Сорос Центарот за современи уметности во Скопје, од секој од нив избрал по едно дело да го претстави нивното творештво. Тие самите се претставници на една нова генерација уметници на деведесеттите, којашто по основањето на Македонија во 1991 го бара своето место во меѓународните рамки. Ориентирани кон уметност која ги надминува границите на земјата, овие уметници се користат со средства и јазик што се вообичаени во светот: апстрактно сликарство, фотографија, инсталација. Ако барате нешто специфично македонско, ќе бидете разочарани. Или пoпрво, пак, ќе ве утеши тоа дека уметниците не му подлегнале на национализмот.*

*Можеби понекаде помалку избива една конзервативност, која, сепак, заслужува дискусија. Така, скулпторот Томе Аџиевски пледира на враќање на класичните начини на изработка. Тој рачно ја изработил скулптурата на египетска мачка, која, пак, е поставена наспроти една фаланга на фотографии на природа. Своето дело тој го нарекува „Големиот чекор назад" и е свесен за тоа дека одвај може да им се спротивстави на сè поголемата технизација на уметноста или на уништувањето на природата. Јован Балов, од своја страна, нуди сликарство на боено поле, коешто го обогатува со повеќе варијанти на една октогонална композиција. Само детективското набљудување на минималните отклони и на боите кои меѓусебе се разликуваат само во нијанси може да го најде она што го очекува. Славчо Соколовски во уметноста ги пренесува стравотиите на граѓанската војна, насловувајќи го отпечатокот на разни пиштоли во глина како „Арсенал" . Како да се некои скапоцености, тој ги наредил овие негативни форми една до друга во древни сандаци. И покрај тоа што насилството тука е сведено на орнамент, неговиот ужас не се губи. Загадочна останува инсталацијата на Јован Шумковски. Тој листови од пили и парчиња стакла ги препотил во плочи што ги потопил во вода. Но, она што е тајнствено тоа е концептот: Шумковски се претставува како неомистичар. И одненадеж со тоа враќа нешто во измазнетите простори, нешто што мајсторите тукушто се обиделе да го изгонат.*

*Почетокот е направен на новото место.*

Изложбата *Паралели* има за цел да претстави група од четири македонски уметници во Галеријата на IFA [Institut für Auslandsbeziehungen] во Берлин, Сојузна Република Германија. Изборот на овие автори се должи на селекцијата меѓу четириесеттина релевантни автори и нивното рецентно значење за севкупната македонска ликовна сцена. Изложбата настојува да претстави четири паралели како метафорни линии за најинтересните и релевантни струења во Македонија меѓу припадниците на помладата средна генерација. Таа го покажува интересот за уметничкиот израз било тој да ги застапува најактуелните концепти кои се споделуваат со постмодернистичките теми какви што се запрашаноста за местото на уметникот во општеството, вклучувањето на просторот како дел од и причина за уметничката мисла и различните начини за истражување како уметничкото делување може да понуди приоди кон специфичните третирања на (многу широко разбраните) материјали.

Затоа, во делата на Томе Аџиевски постои настојувањето за обнова на мануелноста во уметничкото обликување, но не во ‘класичен’ или ‘традиционален’ начин. Тој го спротивставува одливокот од бронѕа на фотографиите на океанскиот брег; или рачно скулптурираната дрвена рака наспроти фото ‘портретите’ на коњи во полето; или дрвено-сомотната глава наспроти фотографиите на делови од борови. Тој побарува враќање кон природноста и тактилноста на уметничкото творештво како едно од најспецифичните карактеристики на делувањето на уметникот.

Јован Шумковски е заинтересиран за ефектите на просторните и амбиентални поставувања на светлосните рефлексии на полиестерните кружни одливки на плочи. Циклусот на којшто тој работи во последните неколку години, насловен како *Еха*, е истражување на повеќеслојноста на структурата на плочата (внатрешна содржина - инфлексија) и рефлектираните сенки во околниот простор кои доаѓаат од дискретните светлосни извори (надворешна содржина - рефлексија). Во оваа игра на инфлексијата и рефлексијата се пронаоѓа концепт кој воден од избраните готови предмети кои тој ги втопува во плочите: луцидни мали сказни за впечатоците на светлото и одразот на секојдневниот живот.

Понепосредна комуникација со реципиентот на делото поседува инсталацијата на Славчо Соколовски. Неговата серија *Шаржери* завршува со инсталацијата на девет дрвени кутии со одливки во terra cotta на негативи од девет различни пиштоли и револвери. Но, наративноста која произлегува од првиот поглед ја снемува со задницата на настојувањето на уметникот да ги земе овие наративни структури пред сé како материјал за уметничко обликување. На тој начин делото ја задржува специфичноста на уметноста воопшто - да се остане во светот на скриените и посредни прекажувања на општествените феномени.

Јован Балов во неговиот концепт на мултипликација на еден ист знак (во овој случај осмоаголник) нуди, било на кураторот било на реципиентот, една слободна игра на инсталирање на платната кои ги слика. Со јукстапонирањето на ‘боените’ и ‘негативните’ сликани полиња се јавуваат безброј можности за комбинации кои се математички пресметани и поставени: секоја ‘боена’ слика има сопствен опонент во ‘негативната’. Така, нивното поставување во секоја можна комбинација и избор.

Општо кажано, ‘паралели’ е единствената структура која е можна да се прифати за да се опише македонската ликовна ‘сцена’ денес. Накратко, таа во средината на деведесеттите би била дефинирана во рамките на погоре посочените специфики: таа сé повеќе се опросторува преку синкретизирањето во продукцијата на скици, проекти и ексурси во достапните медиуми преку форсирањето на однапред зададени концептни и/или просторни локации префрлувајќи го сé повеќе тежиштето од аспектите на модернистичкиот формализам кон манифестациите на постмодернистичките тематски и концептни сéдостапности за уметничката продукција.

Како таква таа станува 'сцена' на авторски различности кои ја избегнуваат лесната и едноставна систематизација на ликовната критика. Таа станува збир на моновалентни насоки на истражување и затоа нејзиното именување единствено може да биде - паралели. Уметниците избрани за овој проект се претставници на само четири од нив.

Н.В.





**Tome Adzievski**

*From the Project 'The Great Step Backward'*, 1996/97 (detail)

28 framed B/W photos (70x560); bronze, metal, (190x60x60)

© SCCA - Skopje, Macedonia slide: Rumen Camilov

Tome Adzievski
Partenie Zografski 39, 91000 Skopje, Republic of Macedonia
tel. ++389.91.20.99.27



**Jovan Balov**

*Installation mit Acht Bilder*, 1996/97

oil on canvas, 125x100 each

© SCCA - Skopje, Macedonia slide: Zoran Atanaskovs

Jovan Balov
Baederkerweg 3, 13593 Berlin, Germany
tel.++49.30.36.31.631







**Slavco Sokolovski**
*Arsenal*, 1997
terra-cotta, wooden boxes, 9x(33x36x20)

© SCCA - Skopje, Macedonia
slide: Rumen Camilov

Slavco Sokolovski
Puskinova 9/1-4, 91000 Skopje, Republic of Macedonia
tel. ++389.91.23.63.94



**Jovan Sumkovski**

*Above the Surface*, 1997 (detail)

installation - 18 polyester resin plates (( 38 ), 18 spotlights, 20 m2 scaffolding, water

© SCCA - Skopje, Macedonia photo: Rumen Camilov

Jovan Sumkovski
T.Uzicka 13, 91000 Skopje, Republic of Macedonia
tel. ++389.91.36.75.72




Parallelen
Kunst
aus
Mazedonien
29. August
bis 5. Oktober 1997
Parallelen
Kunst
aus
Mazedonien
29. August
bis 5. Oktober 1997

## About Liquor Amnii

A continuation of an artistic exchange between five women artists from the **Mobius Artists Group** and five from the **Republic of Macedonia**, which explores different approaches to creating installation and performance art developed within a site.

The two sites chosen for the project, a 15th Century Turkish bathouse in Skopje, Macedonia and the new Riverwalk Park in Providence, RI., allow the artists to explore images of water and to create work in two very distinctly different environments: old vs. new, and public vs. private spaces.

Participating artists are Mobius Artists Group Members Marilyn Arsem, Meredith Davis, Cathy Nolan, Mari Novotny-Jones, Margaret B. Tittemore, and the Macedonian artists are Mirna Arsovska, Iskra Dimitriova, Margarita Kiselicka-Kalajdzieva, Nora Stojanovic, Zaneta Vangeli.

Documentation by Mobius Artists Group member Bob Raymond.

• 26 ЈУЛИ 1996 • вечер

ОД УТРЕВЕЧЕР ВО ЧИФТЕ АМАМОТ

# Ликовен проект „Плодова вода“

● *ПРОЕКТОТ Е ПРВА СОРАБОТКА МЕЃУ ПЕТ МАКЕДОНСКИ И ПЕТ АМЕРИКАНСКИ УМЕТНИЧКИ*

Во просторот на запуштениот Чифте Амам во Старата чаршија, утревечер во 22 часот почнува тридневниот ликовен проект „Плодова вода“, што се изведува како прва соработка меѓу пет македонски уметнички и петте членки на американската уметничка група „Мобиус“ од Бостон.

„Плодова вода“ е интердисциплинарен проект во кој со употреба на различни медиуми, како инсталација, објект, перформанс, видео, авторките го интерпретираат Женското како уметничка провокација.

– **Насловот „Плодова вода“, како поврзан со мајчинството како најспецифична женска одлика, може да се сфати пошироко – како една метафора за границата меѓу Јас и Другото и за нашите комплексни релации кон културната, религиозната или половата Другост. Ритуалот на физичкото чистење и духовното прочистување, релацијата со заборавениот простор и неговите приказни, моментот на самоосвестување во полова, културна или политичка смисла, се само некои од појдовните концепти при создавањето на делата во овој проект, кои се под заедничка тема ама се извонредно разновидни и специфични за секоја од уметничките,** – вели кураторот на проектот, Сузана **Милевска.**

Поставката во Чифте амамот во следниве три дена ги содржи „Андрогин“ на **Искра Димитрова**, „Македонска социјална пластика“ на **Жанета** Вангели, „Безвременост“ на **Маргарита Киселичка-Калајџиевска**, „Вис Електроника“ на Мирна **Арсовска**, „Базени на времето“ на **Мерилин Арсем**, „Птица жена“ на **Мередит** Дејвис, „Маса“ на **Кети Нолан**, **„Порнсна“ на Мери Новотни-Џонс**, „Свадбени албуми“ на **Маргарет Титмор**, а проектот завршува в понеделник во 22,15 часот со перформансот „Флешбек“ на Нора **Стојановиќ.**

М.К.

следува:

EURO ART - INFO 20

**Liquor Amnii 1&2**

# M A Z E D O N I E N



ifa Institut für Auslandsbeziehungen

SCCA

Soros Center for Contemporary Arts · Skopje, Macedonia
Сорос Центар за современи уметности · Скопје, Македонија